**НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)**

**Тема:**

**РЕФОРМСКИ ИДЕИ ЗА „ПРОЧИСТУВАЊЕ“ НА ПРАВОСУДСТВОТО НИЗ ПРИЗМАТА НА ПОСТОЕЧКИТЕ МЕХАНИЗМИ“**

**Скопје, 02.12.2020 година (Среда), 10:00 – 13:45 часот**

**Препораки**

1. „Прочистувањето“ како мерка во реформските зафати во правосудството треба да се спроведе преку однапред подготвен план со јасни цели и прецизна методологија. Планот треба да содржи временска рамка на проверката, прецизни критериуми и правила за реализација на постапката и прецизирање на улогата,согласно законски утврдените надлежности,на сите тела кои на каков било начин учестуваат во постапката.

2. Методологијата за „прочистување“ во правосудството во интерес на транспарентноста на постапката треба да биде јавно објавена и достапна.

3. Процесот на „прочистување“на правосудството треба да се спроведе преку постојните механизми, односно преку постојните тела и органи (ДКСК, Судскиот совет, Советот на ЈО и другите). Формирањето на нови тела и институции се смета контрапродуктивно.

4. Да се заврши процесот на востановување соодветна легислативна рамка, поточно, покрај веќе донесените нови закони (или измени на постојните закони во сферата на правосудството), да се донесат и сите неопходни подзаконски акти за соодветно оценување на работата на судиите и јавните обвинители(на пример, нов правилник за оценување на работатата на јавните обвинители врз основа на новиот Закон за јавното обвинителство итн.).

5. По завршувањето на процесот на т.н. „прочистување“, проверката на работењето на судиите и јавните обвинители треба да се извршува континуирано од страна на надлежните совети согласно нивните законски надлежности (почитување на рокови, должина на траење на постапките, застареност итн.).

6. Да се подобри состојбата во правосудството како од материјален, така и од кадровски и технички аспект: на пример, до крајот на 2021 година да се оствари прилив во правосудните институции од 0,8 % од БДП како што е предвидено со закон, да се екипира јавното обвинителство со нови јавни

обвинители бидејќи постојат голем број на непополнети работни места, како и да се пополнат слободните судиски места итн.

7. Да се отстранат веќе утврдените причинипоради кои постојните механизми за оценка на работата на судиите и јавните обвинители „затаиле“ или биле користени во помал обем: недоволна екипираност на релевантните тела со кадар, опрема и други неопходни ресурси.

8. Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) да биде соодветно екпирана со ресурси за побрзо и поефикасно исполнување на нејзините нови надлежности. Станува збор за екпирање со: човечки ресурси, простор, софтвер за поврзување со базите на податоци, можност за електронско доставување на анкетни листови за имотна состојбаи сл.

9. Со цел да се зајакне меѓусебната соработка на надлежните институции која е исклучително важна во справувањето со корупцијата, Јавното обвинителствотреба да назначи обвинители за соработка со другите тела (ДКСК, полиција, финасиска полиција, УЈП и други) со цел размена на информации и навремено покренување на постапки за лица за кои постои сомневање за определена злоупотреба.

10. На барање на заинтересирани лица, јавните обвинители треба да достават до нив информација дали и до каде се преземени дејствија во врска со конкретниот предмет.

11. Потребна е ревизија на дефинирањето и бодувањето на интервуто за прием на нови кандидати во Академијата за судии и јавни обвинители, како и на интервјуто за избор на судии и јавни обвинители преку надлежните совети (Судскиот совет и Советот на јавни обвинители).